**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Форд Мотор Компани, САД, БМВ (СД) Холдинг Корп. САД и Американ Хонда Мотор Ко., Инк., САД**

**(предмет бр. 08-24 од 2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Форд Мотор Компани со регистрирано седиште на Оне Американ Роад, Деарборн, 48126 Мичиген, САД, БМВ (СД) Холдинг Корп. со регистрирано седиште на 300 Честнат Риџ Роад, НЏ 07677 Вудклиф Лејк, САД и Американ Хонда Мотор Ко., Инк со регистрирано седиште на 1919 Торенс бул., Торенс, СА 90501, САД.

-Групацијата Форд е меѓународна автомобилска групација која дизајнира, произведува, пласира и сервисира целосна линија на камиони Форд, комунални возила и автомобили – кои сè повеќе вклучуваат електрифицирани верзии - и луксузни возила Линколн (*Lincoln*). Групацијата Форд обезбедува и финансиски услуги преку Форд Мотор Кредит Компани (*Ford Motor Credit Company*) и е активна во електрификација, решенија за мобилност (вклучувајќи услуги за самоуправувачки возила) и поврзани услуги за возила.

-Групацијата БМВ е светски производител на автомобили и мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и потребна опрема. Групацијата БМВ, исто така, обезбедува финансиски услуги, лизинг и услуги за изнајмување автомобили (т.е. услуги и решенија за мобилност) за приватни и деловни клиенти. Групацијата БМВ во главно работи со четири брендови: БМВ (*BMW*), МИНИ (*MINI*), Ролс-Ројс Мотор Карс (*Rolls-Royce Motor Cars*) и БМВ Моторад (*BMW Motorrad*).

-Групацијата Хонда е јапонски производител на оригинална опрема ("**ПОО**" (анг. "**OEM**")) кој произведува и продава автомобили (вклучувајќи приклучни хибридни електрични возила (анг. *plug-in hybrid electric vehicles*) и електрични *возила* на батерии (("**ЕВБ**" (анг. *BEV*)), мотоцикли и производи со електричен капацитет (на пр., мотори за општа намена како што се генератори и авиони (приватни авиони, млазни авиони и нивните делови).

Откако ќе се воспостави, ЧарџСкејп - кое ќе биде оперативно само во САД и Канада - ќе биде активно во обезбедувањето мрежни услуги за електричните комунални друштва и системските оператори, преку паметно управување со оптоварување и агрегација на податоци за енергијата на батериите на електричните возила.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.01.2024 година

Скопје